# Тиролска декларација за најдобро практикување на планинарските спортови

## “Предизвикајте ги своите можности, разбудете ја животната енергија во себе и кренете кон врвот”

**Усвоена на конференцијата за иднината на планинарските спортови, Инсбрук, 6 – 8 септември, 2002**

06/09/2007

**Милиони луѓе, насекаде околу светот, се занимаваат со пешачење, планинарење, алпинизам и спортско качување. Во многу земји, планинарските спортови претставуваат значаен составен дел од секојдневието.**

**Ретко која друга активност опфаќа толку широк спектар на мотиви и цели како планинарските спортови. Планинарењето, во сите свои облици, им овозможува на луѓето да ги достигнат крајните граници на своите можности, а од друга страна претставува единствен начин на рекреација кој го збогатува нашиот живот и нè прави среќни. Мотивите за планинарење можат да бидат од различна причини: чисто здравствени и кондициони, преку чисто уживање во движењата, контактот со природата и луѓето, па сè до потрагата за авантура и возбуда, заминување во непознатото и откривање на новото.**

**Оваа декларација која беше потпишана од врвни претставници на планинарството, на конференцијата за иднината на планинарските спортови, одржана во Инсбрук, на 8ми септември 2002 година, содржи низа етички начела и вредности кои ни укажуваат како добро да ги практикуваме планинарските спортови. Тиролската декларација не е правилник, ниту збир инструкции, туку:**

1. **Востановување на основните вредности во планинарските спортови**
2. **Востановување начела и норми на однесување**
3. **Востановување етички мерила за донесување одлуки во критични ситуации**
4. **Востановување етички начела и мерила по кои јавноста ќе ги оценува и критикува постапките на планинарите и алпиниситите во планините**
5. **Им служи на почетниците да ги спознаат вредностите и моралните начела на планинарењето**

**Целта на Тиролската декларација е да ја запознае јавноста со луѓето кои планинарат и се качуваат на карпи, и да покаже какви чудесни можности нудат планините и планинарските спортови за рекреација и лично духовно воздигнување, убави доживувања и достигнување лични цели, а од друга страна се залага за промовирање на општествениот развој, запознавање на другите култури и покрај сè за будење на свеста за зачувување на природата. За таа цел, Тиролската декларација, обликувана да одговара на современиот човек, неговите сфаќања и начин на живот, претставува запис на етички начела и вредности на кои се заснова планинарската култура и наведува многу непишани правила на кои веќе долго време се темели однесувањето на планинарите. Фундаменталните вредности врз кои се заснова Тиролската декларација важат за сите оние кои се занимаваат со планинарски спортови ширум светот – без разлика дали станува збор за рекреативци кои пешачат, спортски качувачи, планинари или алпинисти кои се спремни да ги испробаат до крај своите можности на сè повисоки врвови. Иако некои начела на однесување важат само за одбрана елита, повеќето предлози формулирани во Тиролската декларација се однесуваат општо на сите оние кои одат на планина. Се надеваме дека со овие предлози ќе допреме до младината, зашто сепак, во нејзини раце лежи иднината на планинарските спортови.**

**Тиролската декларација претставува апел до сите оние кои идат на планина:**

- Да ги прифатат ризиците и со тоа да превземат одговорност за своите постапки
- Да ги урамнотежат своите цели според своите можности и опрема
- Да постапуваат чесно и да известуваат за своите достигнувања искрено
- Да настојуваат правилно да се однесуваат и никогаш да не престанат да учат
- Да бидат толерантни, внимателни кон другите и да си помагаат меѓусебно
- Да ја почитуваат и штитат недопрената природа од планини и карпи
- Да го подржат локалното население и да помогнат за негов развој и подобар живот

**Тиролската декларација се заснова на следните вредности:**

- **Човечко достоинство** – како луѓе се раѓаме слободни, со исти права и треба да се однесуваме едни спрема други во духот на братството. Посебно внимание треба да се обрне на еднаквите права на мажите и жените.
- **Живот, слобода и среќа** – се неотуѓиви права на секој човек. Должност на сите оние кои одат на планина е да ги почитуваат животот, слободата и среќата на другите и да ги заштитат тие права на локалното население.
- **Недопрена природа**– должноста да се заштити еколошката вредност и природното обележје на планините и карпите насекаде околу светот. Тоа значи дека треба да ги заштитиме загрозените видови флора и фауна, нивните екосистеми и биотопи.
- **Солидарност** – планинарските спортови овозможуваат да се спознаеме себеси и луѓето околу нас, како и пријателството, меѓусебното работење, помош и разбирање независно од полот, староста, националноста, индивидуалната способност, општественото или етничко потекло, верата или верувањата.
- **Самоспознавање и самореализарање** – планинарските спортови ни пружаат шанса да се спознаеме подобро себеси, нашите способности и можности, да ги постигнеме поставените цели и да ги прошириме своите видици.
- **Вистина** – искреноста претставува суштествен дел во планинарските спортови за вреднување на постигнувањата. Ако вистината ја замениме со самоволие, тогаш ќе биде невозможно да се вреднуваат постигнувањата во планините.
- **Извонредност** – планинарските спортови ни овозможуваат да ги развиеме своите способности до крајни граници и да ги оствариме целите кои можеби на другите им изгледаат недостижни. Секој кој се занимава со планинарските спортови има право да тежнее за совршенство и да бара нови предизвици.
- **Авантура** – планинарските спортови не се безопасни! Ризикот го смалуваме до одредена мера со разумно расудување и проценки, вештини и со личната одговорност. Разноликоста на планинарски спортови му овозможува на секој да ја избере својата авантура според способностите.

# Членови и начела на Тиролската декларација

**Член 1 – Лична одговорност**

**Планинарите и алпинистите се занимаваат со спорт во природа каде што помошта во случај на незгода може да биде недостапна. Имајќи го тоа во предвид, тие превземаат потфати за кои се дораснати и се свесни дека се качуваат на своја лична одговорност, дека самите се одговорни за нивната лична безбедност и дека не смеат со своите постапки да ја загрозат сигурноста на другите луѓе ниту природата.**

**Член 2 – Тимски дух**

**Поединците на тимот мора да бидат спремни да се прилагодат на потребите на својот тим и своите лични цели да ги подредат според способностите на сите членови на групата.**

**Член 3 –.Солидарност на планинарите и алпинистите**

**На секој кој ќе го сретнеме на планина или на карпа сме должни да му укажеме подеднаква почит. Дури ни во изолирана средина ни во стресни ситуации, не смееме да заборавиме да ги третираме другите планинари како што сакаме другите нас да нѐ третираат.**

**Член 4 – Посета на странска земја**

**Никако не смееме да заборавиме дека сме гости кога се наоѓаме во странска земја. Кон домаќините треба да се однесуваме учтиво и воздржано. Треба да ги почитуваме нивните свети области и нивните негибнати свети планини. Ќе се потрудиме да бидеме од корист на локалното население и да им го направиме животот подобар. Запознавањето и разбирањето на туѓите култури е важен дел на планинарското и алпинистичкото искуство кое го прави целосно.**

**Член 5 – Одговорност на планинарскиот водич и водичите на другите планинарски групи**

**Секој професионален планинарски водич и секој водич на планинарска група мора да ја разбира својата улога и да ги почитува правата и слободата на другите групи и поединци. Водичите, предводниците и поединците од групата мора да бидат способни за својата должност, да ги познаваат барањата на турата која ја водат, опасноста и ризикот во планината, мора да имаат доволно искуство и да ги владеат своите потребни вештини, да ја имаат целата потребна опрема и постојано да ја проверуваат состојбата во планината и временските услови.**

## Член 6 – Непредвидливи случаи, смрт и умирање

**За да реагираме правилно во непредвидливи случаи, сериозни несреќи и смрт, сите оние кои се занимаваат со планинарски спортови мора да се свесни за ризикот и опасностите и потребата да имаат соодветни способности, знаења и опрема. Секој учесник мора да биде подготвен да им помогне на другите во случај на несреќа и да биде исто така спремен да се соочи со последиците од трагедијата.**

## Член 7 – Пристап и заштита на природата

**Веруваме дека одговорното движење по планините и карпите е право на секој човек. Со својата активност треба да се занимаваме на таков начин да не ја загрозиме природата околу нас и мора активно да водиме внимание за заштита на природата. Почитуваме забрани и прописи одредени за движење и качување во области кои се под заштита, во договор со властите и организациите кои се занимаваат со зачувување на природата.**

## Член 8 – Стил

**Квалитетното планинарско искуство кое го стекнуваме и начинот на кој решаваме некој проблем е поважен од тоа дали сме го решиле или не. Се трудиме да не оставаме по себе траги од таму кај што поминуваме.**

## Член 9 – Први искачувања

**Првото искачување на насока или планина е креативен чин. Треба да се изврши со почитување кон локалните качувачи, традицијата и начинот на качување во таа област, и во никој случај не смеат да се загрозат вредностите ниту потребите на идните алпинисти и планинари.**

## Член 10 – Спонзорства, рекламирање и односи со јавноста

**Соработката помеѓу спортистите и нивните спонзори мора да биде професионална и мора да гарантира најдобри услови за одговорен однос кон планинарските спортови. Заедницата на планинари и алпинисти е должна да ја едуцира и чесно и на научен начин да ја информира јавноста и медиумите за своите успеси.**

## Анекс 1    Начела и упатства на Тироласката декларација

**Член 1 – Лична одговорност**

**Планинарите и алпинистите се занимаваат со спорт во природа каде што помошта во случај на незгода може да биде недостапна. Имајќи го тоа во предвид, тие превземаат потфати за кои се дораснати и се свесни дека се качуваат на своја лична одговорност, дека самите се одговорни за нивната лична безбедност и дека не смеат со своите постапки да ја загрозат сигурноста на другите луѓе ниту природата.**

1. Своите цели ги бираме според своите можности или можностите на другите членови на групата со која сме на планина, како и според условите на теренот. Откажувањето од искачувањето понекогаш може да биде правата одлука.
2. Пред да започнеме со искачувањето, треба да се увериме дали сме спремни за нашата цел, дали внимателно сме го испланирале и проучиле искачувањето и дали сме ги спровеле неопходните припреми.
3. За искачувањето мора да ја имаме сета потребна опрема и да знаеме како да ја користиме.

**Член 2 – Тимски дух**

**Поединците на тимот мора да бидат спремни да се прилагодат на потребите на својот тим и своите лични цели да ги подредат според способностите на сите членови на групата.**

1. Секој член на групата мора да води сметка за другите и да превземе дел од одговорноста за својата безбедност и за безбедноста на останатите членови на групата.
2. Ниеден член на групата не смееме да го оставиме сам ако со тоа се ризикува неговата здравствена состојба.

**Член 3 –.Солидарност на планинарите и алпинистите**

**На секој кој ќе го сретнеме на планина или на карпа сме должни да му укажеме подеднаква почит. Дури ни во изолирана средина ни во стресни ситуации, не смееме да заборавиме да ги третираме другите планинари како што сакаме другите нас да нè третираат.**

1. Правиме сè што е во наша можност да не ги доведеме другите во опасност и ги предупредуваме другите за потенцијалните опасности.
2. Се грижиме никој во планината да не биде дискриминиран или запоставен.
3. Како посетители, ги почитуваме правилата на локалното население.
4. Се грижиме што помалку да им пречиме на другите планинари или алпинисти. Оние кои се побрзи од нас, љубезно ги пуштаме да не престигнат. Не се задржуваме предолго на качувачки насоки ако на ред за качување чекаат и други.
5. Нашите извештаи за извршените искачувања мора да бидат вистинити во деталите.

## Член 4 – Посета на странска земја

**Никако не смееме да заборавиме дека сме гости кога се наоѓаме во странска земја. Кон домаќините треба да се однесуваме учтиво и воздржано. Треба да ги почитуваме нивните свети области и нивните негибнати свети планини. Ќе се потрудиме да бидеме од корист на локалното население и да им го направиме животот подобар. Запознавањето и разбирањето на туѓите култури е важен дел на планинарското и алпинистичкото искуство кое го прави целосно.**

1. Кон луѓето во странската земја секогаш се однесуваме љубезно, човечки и со почит.

2. Ги почитуваме сите забрани за качување на одредени врвови и карпи, кои важат во таа земја.

3. Препорачливо е, пред да се посети друга земја, да се запознаеме со нејзината историја, општество и култура, политичка структура, уметност и вера. На тој начин подобро ќе ги разбереме луѓето што живеат таму и нивната средина. Во случај да дојде до политички немир, ќе го почитуваме официјалното известување.

4. Пожелно е да го познаваме странскиот јазик барем на ниво на основна комуникација: поздрави, заблагодарување, денови од неделата, броеви, итн. Неверојатно е да се види колку ова мало залагање од наша страна го подобрува квалитетот на комуникацијата. Со тоа ние допринесуваме за подобро разбирање меѓу различните народи и култури.

5. Никогаш не пропуштаме прилика да го споделиме нашето качувачко и планинарско искуство со сите оние кои се заинтересирани од другата земја. Здружените експедиции со планинари од другата земја се секогаш најдобар начин за разменување искуства.

6. По секоја цена избегнуваме да ги навредиме верските чувства кои ги негува другата земја. На пример, не смееме да прикажуваме одредени места од телото откриени, каде тоа е неприфатливо заради религиозни или општествени причини. Ако не разбираме некои од нормите, се однесуваме толерантно и со почит.

7. Се трудиме колку што можеме да му помогнеме на локалното население, доколку му е потребна помош. Лекарот за експедицијата е често во позиција да направи одлучувачка разлика во животот на акутно болното лице.

8. За да помогнеме во економскиот развој на населенијата во планинските области, купуваме локални производи и ангажираме локални планинарски водичи и помошници.

9. Ако е можно, му помагаме на локалното население во планинските области за отпочнување и подржување на дејности со чиј развој ќе се подобри нивниот живот, на пример едукациски услуги или еколошки компатабилни економски фирми.

## Член 5 – Одговорност на планинарскиот водич и водичите на другите планинарски групи

**Секој професионален планинарски водич и секој водич на планинарска група мора да ја разбира својата улога и да ги почитува правата и слободата на другите групи и поединци. Водичите, предводниците и поединците од групата мора да бидат способни за својата должност, да ги познаваат барањата на турата која ја водат, опасноста и ризикот во планината, мора да имаат доволно искуство и да ги владеат своите потребни вештини, да ја имаат целата потребна опрема и постојано да ја проверуваат состојбата во планината и временските услови.**

1. Водичот или предводникот на групата мора да ги предупреди членовите на групата за реалните опасности на планината. Ако членовите на групата се доволно искусни треба да ги земе во предвид нивните мислења при донесување одлука.

2. Одбраната тура или насока треба да соодветствува на способностите и искуството на членовите на групата за да можат сите полека да напредуваат и во исто време да уживаат.

3. Доколку е неопходно, водичот треба да нагласи до каде се неговите можности – ако се работи за искачување кое ги преминува неговите способности, без одлагање мора да ги упати клиентите кај друг поспособен водич и никако не смее да ги крие своите слабости. Сите членови на групата имаат одговорност да ги предупредат останатите ако веруваат дека ризикот за искачувањето е преголем и дека треба да се повлечат, т.е. да се промени првобитниот план.

4. Во случај на напорни високогорски искачувања, водичите мора да проверат пред искачувањето дали членовите на групата, во случај кога другите нема да можат да им помогнат, се способни самостојно да решат проблем доколку тежината на искачувањето е поголема од очекуваната. Водичот мора да ја предупреди својата група дека помошта на таквите напорни тури и искачувања е многу ограничена.

5. Локалните водичи се должни да соработуваат со колегите кои доаѓаат од други места и да ги информираат за специфичноста на нивната област, опасностите и моменталната состојба на теренот.

### Член 6 – Непредвидливи случаи, смрт и умирање

**За да реагираме правилно во непредвидливи случаи, сериозни несреќи и смрт, сите оние кои се занимаваат со планинарски спортови мора да се свесни за ризикот и опасностите и потребата да имаат соодветни способности, знаења и опрема. Секој учесник мора да биде подготвен да им помогне на другите во случај на несреќа и да биде исто така спремен да се соочи со последиците од трагедијата.**

1. Помагање на некој кој е во неволја мора да има апсолутна предност во однос на достигнување на личните, претходно поставени цели. Спасување живот или ублажување на болките на повреден партнер или член на групата е неспоредливо подрагоцено од искачување на насоката или врвот.

2. Доколку не е достапна помош од страна за време на несреќа, а ние сме во прилика да помогнеме, треба да му пружиме помош на повредениот сѐ додека не ја загрозуваме сопствената безбедност.

3. Должни сме да ја понудиме сета наша помош на тешко повреденото лице или лице кое умира, удобно да го сместиме, да му ја смалиме болката и да пробаме да го одржуваме во живот.

4. Во случај да дојде до смрт на недостапни места, од каде не е возможно да се транспортира покојникот во долина, потребно е да се состави прецизен и точен записник за трагичниот настан, местоположбата на телото, да се идентификува покојникот како и под кои околности дошло до смрт.

5. Личните сопствености на покојникот, како што се личните документи, фото-апарат и камера, дневник, фотографии, писма и сл. треба да се заштитат и да се предадат на семејството на покојникот.

6. Во случај на смрт, строго е забрането јавно објавување на фотографии од покојникот без согласност од неговата фамилија.

### Член 7 – Пристап и заштита на природата

**Веруваме дека одговорното движење по планините и карпите е право на секој човек. Со својата активност треба да се занимаваме на таков начин да не ја загрозиме природата околу нас и мора активно да водиме внимание за заштита на природата. Почитуваме забрани и прописи одредени за движење и качување во области кои се под заштита, во договор со властите и организацииите кои се занимаваат со зачувување на природата.**

1. Ги почитуваме правилата на однесување во планините, како и законите за зачувување на природата и животинскиот свет во неа. Ги поттикнуваме и останатите планинари да постапуваат исто. Избегнуваме да правиме врева и на тој начин го смалуваме штетното влијание врз флората и фауната.

2. Ако е можно, користиме јавен транспорт или минимален број возила за да стигнеме до саканата дестинација со цел да го минимизираме сообраќајот на патиштата.

3. За да избегнеме ерозија на земјиштето и за да не го вознемириме животинскиот свет, се трудиме да се качуваме и симнуваме по веќе формирани патеки. Ако нема пат, избираме патека со која најмалку би и наштетиле на околината.

4. За време на сезоната за парење и гнездење на видови птици кои живеат на карпите, ги почитуваме забраните за движење во одредени планински подрачја, издадени од организацијата за зачувување на природата. Чим дознаеме за забраните, веднаш ќе ги предупредиме и другите планинари да ги почитуваат истите и да не се приближуваат до пределите за гнездење.

5. Кога ќе се одлучиме за прво искачување или пристап во непознати предели, внимаваме да не ги загрозиме биотопите на ретки врсти флора и фауна. Кога опремуваме или обновуваме насоки, треба да ги превземеме сите претпазливи мерки за да го минимализираме нивното влијание врз околината.

6. Секое поставување дополнителни клинови на насоките треба многу внимателно да се одмери. Зголемениот број може да предизвика проблем за пристап.

7. При поставување осигурување, се трудиме да не ја оштетиме карпата.

8. Не само што го враќаме својот отпад назад во долината, туку го собираме по пат и отпадокот кој го оставиле други несовесни луѓе.

9. Таму каде нема санитарна инсталација, физичките потреби ги вршиме на места кои се доволно оддалечени од домовите, камповите, изворите, потоците, езерата, во исто време внимавајќи да не го нарушиме екосистемот. Избегнуваме да правиме нешто што би им сметало на другите луѓе и на нивното чувство за естетика. Во областите кои се често посетувани, а каде органските материи споро се разградуваат, својот отпад и фекалиите ги собираме и ги земаме назад со нас во долината.

10. Се грижиме просторот каде кампуваме да остане чист, гледајќи да правиме што помалку отпад или соодветно да го отстрануваме. Сета опрема за качување – фиксирани јажиња, шатори и боци со кислород – мора да се тргнат од планината по завршувањето на акцијата.

11. Внимателно ги трошиме енергетските извори.Особено во земји кои имаат недостаток на дрвја, избегнуваме активности кои би ја зголемиле потребата за понатамошно ретчење на шумите. Во областите каде шумите се загрозени, мора да носиме со себе доволно друго гориво за да подготвиме јадење за сите учесници во експедицијата.

12. Треба да го избегнуваме туризмот со хеликоптери каде со тоа ја загрозуваме природата и културата.

13. Ако дојде до конфликт во поглед на пристап до одредени области, сите засегнати – сопственици на земјиштето, властите и друштвото – мора да преговараат за изнајдување решение кое на сите ќе им одговара.

14. Активно учествуваме во остварувањето на ваквите договори, со тоа што ќе се потрудиме да го објавиме договорт во јавноста и да поставиме потребно известување и интерпретациска инфраструктура.

15. Заедно со сите планинарски друштва и други организации, активно учествуваме и се залагаме на политички план да ја зачуваме и да ја заштитиме природата.

## Член 8 – Стил

**Квалитетното планинарско искуство кое го стекнуваме и начинот на кој решаваме некој проблем е поважен од тоа дали сме го решиле или не. Се трудиме да не оставаме по себе траги од таму кај што поминуваме.**

1. Целта е да го зачуваме оригиналниот карактер на сите качувања, а посебно оние со големо историско значење. Тоа значи дека качувачите не смеат да го зголемуваат бројот на фиксирани јажиња и клинови на веќе постоечките насоки. Исклучок е ако се постигне локален консензус – со дозвола од качувачот кој прв ја искачил насоката – да се промени нивото на фиксна заштита со поставување нова опрема или отстранување на веќе постоечката.

2. Ги почитуваме разликите во традицијата меѓу регионите. Не смееме да ги наметнуваме нашите гледишта на другите качувачки култури, ниту пак треба да прифатиме наметнување од други.

3. Карпите и планините се ограничен ресурс за авантура кои треба да се делат со многу качувачи со различни интереси и многу генерации кои допрва треба да дојдат. Треба да сфатиме дека идните генерации ќе трагаат по НОВИ возбуди и мотиви за авантура на истите тие ограничени ресурси. Треба да се однесуваме кон карпите и планините на начин на кој нема да ја смалиме можноста на ресурсите во иднина.

4. Во регионите каде се дозволени клинови, пожелно е да се чистат насоките, делови од карпите, или целите карпи од клинови со што би се зачувала можноста за авантура и би се покажало почит кон различните интереси на качувачите.

5. Користењето на природно осигурување може да биде подеднакво забавно и сигурно за качувачите рекреативци како и користењето оклинчени насоки. Качувачите треба да научат како да поставуваат природно безбедносно осигурување и треба да бидат свесни дека со тоа се обезбедува дополнителна авантура и богато искуство без да се смали сигурноста.

6. Во случај на судир на интереси помеѓу членовите на групата, качувачите треба да го решат проблемот преку дијалог и преговори за да се избегне опасноста од меѓусебни напаѓања.

7. Комерцијалниот притисок никогаш не смее да влијае на етиката на личноста или регионот.

8. Под добар стил на високи планини се подразбира некористење фиксирани јажиња, допинг или боци со додатен кислород.

## Член 9 – Први искачувања

**Првото искачување на насока или планина е креативен чин. Треба да се изврши со почитување кон локалните качувачи, традицијата и начинот на качување во таа област, и во никој случај не смеат да се загрозат вредностите ниту потребите на идните алпинисти и планинари.**

1. Првите искачувања треба да бидат во согласност со еколошките и локалните регулативи, желбите на сопствениците на земјиштето, и духовните вредности на локалното население.

2. Нема да ги изобличуваме карпите со менување на нивната форма или додавање фаќалишта.

3. Во алпинистичките региони, првите искачувања треба да бидат изведени без top-rope осигурување или спуштање одозгора со јаже по претходно опремена насока, туку само со водење од подножјето до врвот на насоката.

4. По укажувањето почит кон сите локални традиции, авторот на првото искачување, треба да го одреди нивото на фиксирана заштита на насоката (почитувајќи ги правилата во член 8 од декларацијата).

5. Во областите кои се под заштита, во дивите предели или во природните резервати, употребата на клинови треба да се сведе на минимум за да се зачува приодот.

6. Бушењето на карпите и поставувањето клинови и друга фиксирана опрема треба да се сведе на минимум за време на првите искачувања каде има техничко качување (треба да се избегнуваат клинови дури и на сидриштата освен ако не е апсолутно неопходно за безбедноста на качувачот).

7. Авантуристичките насоки треба да се остават во што поприродна состојба, користејќи само природно осигурување каде што е можно и поставувајќи клинови само каде е неопходно, и секогаш во согласност со локалните традиции.

8. Треба да се почитува независноста на насоките кои се наоѓаат во близина и насоките со кој нашата првенствена насока дели заеднички дел.

9. За извршените први искачувања треба да се известува детално и правилно. Се потпираме на искреноста и интегритетот на качувачите освен ако нема докази кои го тврдат спротивното.

10. Високите планини се ограничен ресурс. Посебно во највисоките планини се залагаме да користиме највисок стил на качување.

## Член 10 – Спонзорства, рекламирање и односи со јавноста

**Соработката помеѓу спортистите и нивните спонзори мора да биде професионална и мора да гарантира најдобри услови за одговорен однос кон планинарските спортови. Заедницата на планинари и алпинисти е должна да ја едуцира и чесно и на научен начин да ја информира јавноста и медиумите за своите успеси.**

1. Меѓусебното разбирање помеѓу спонзорите и спортистите е неопходно за да се постигне договор за заедничките цели. Разноликоста на планинарските спортови бара многу јасна идентификација на специфичното искуство на спонзорот и на спортистот за да се постигне најдобар резултат за остварување на взаемната цел.

2. За да бидат качувачите и врвните алпинисти постојано спремни и за да напредуваат мора да имаат постојано гарантирана помош од покровителот. Затоа многу е важно спонзорите постојано да ги подржуваат спортистите дури и по низа неуспеси. Во никој случај, спонзорот не смее да врши притисок врз натпреварувачот за постигнување на целта.

3. За да бидат спортистите постојано присутни во медиумите, треба да се воспостави чист начин на комуникација и да се задржи како таков.

4. Качувачите и алпинистите се должни да известуваат за своите успеси вистинито и објективно. Искреното и точно известување не допринесува само за угледот на качувачот туку и за угледот на планинарските спортови во јавноста.

5. Врвните качувачи и алпинисти се должни преку врската со медиумите, јавноста и спонзорите секогаш и секаде да ја застапуваат етиката, стилот и одговорноста кон природата во согласност со Тиролската декларација.

## Анекс 2 Разноликоста на планинарски спортови

Современото качување опфаќа широк спектар на активности, од пешачење и трекинг тури па сè до качување по карпи и планинарење. Планинарењето вклучува екстремни форми на алпинизмот и експедии на високи планински венци како што се Андите и Хималаите. Иако не постои строга граница помеѓу различните форми на качување, следната поделба по категории ни помага подобро да ја разбереме неизмерната разноликост на современите планинарски спортови.

***Пешачење и трекинг тури***
Најраспостранетата форма на планинарењето е пешачењето до планинарски домови, пресеци и врвови. Ако пешачењато во планина или друга дива област трае по неколку дена, особено ако се застрани од разгазена патека, тогаш се работи за трекинг тура. Пешачењето може да стане понапорна и сложена форма на планинарење доколку се користат рацете за напредување во искачувањето.

***Via ferrata***
Насоките на стрмен карпест терен, опремени со челични кабли и железни скалила стануваат сè повеќе и повеќе популарни. Приодот кон арена резервирана за техничко качување по карпи е овозможен преку детална инфраструктура и специјални системи за заштита.

***Класично планинарење***
Планинарите во оваа категорија качуваат по карпи најмногу со оцена 3 (во согласност со UIAA стандардите) и се искачуваат сè до 50 степени снег и мраз. Нивната цел е да ги освојат врвовите во алпските предели преку вообичаените патеки.

***Планинарење со скии***
Привrзаниците на оваа класична форма на алпинизмот користат алпинистички или телемарк скии за да се искачат на планините или да преминат преку цели планинарски венци. Како резултат на потребните стручни способности, оваа дисциплина се смета за една од најнапорните, најсложените – и најопасните – форми на планинарењето.

***Хиерархијата на “качувачки игри”***

*Категоризацијата на различните видови на искачувања, поставена од Лито Техада-Флорес, се покажа за успешна во опишувањето на многуте аспекти со кои се има здобиено современото техничко качување. Секој стручен тип на качувачка “игра” е дефиниран преку неформален, но прецизен збир на правила, формулирани на тој начин да ја прават активноста тешка, но и во исто време интересна. Колку е поголема опасноста на качувачката игра како резултат на природната опкруженост, толку се потолерантни ограничувањата за употребата на техничка опрема. Колку е помал бројот на реални опасности, толку се построги “правилата”.*

***Болдер***
Во болдер спаѓаат тешки проблеми кои треба да се решат на делови од карпа која е блиску до земјата, притоа некористејќи јаже. Дозволената опрема е ограничена на патики за качување, торбичка со магнезиум и душек за приземјување. Болдерот се практикува на природни големи камења и карпи, како и на вештачки наменски ѕидови.

***Качување на вештачки ѕид***
Денеска сè повеќе качувачи користат вештачки ѕидови за тренинг и рекреација, кои можат да бидат поставени во домот, во вежбални или на отворено. Сè поголем е бројот на качувачи кои се определуваат само за вештачки ѕидови. Постојат исто така и нови форми како што е терапевтското качување или качувањето во форма на уметност – во вид на танц или балет.

***Качување по пукнатини во природна карпа***
Насоките можат да бидат долги помеѓу една или три должини. Заради нивната кратка должина и скоро целосното отсуство на реални опасности, "етиката" на слободното качување стана меѓународно прифатена за овој тип на качување во последните дваесет години. Тоа значи дека за една насока ќе се смета дека е успешно качена доколку не се користи било каква опрема прицврстена во карпата за напредување во искачувањето.

***Континуирано качување (повеќе-должински насоки) – "multi-pitch routes"***
Под континуирано качување се подразбира качување на насока која е подолга од три или четири должини.

***Техничко качување на големи карпи***
Приврзаниците на оввa игра, основана во Јосемитската долина, се качуваат по карпи кои не можат да се искачат користејќи ги само рацете, нозете или друг дел од телото, туку потребна е специјално дизајнирана опрема. Тие настојуваат што помалку да поставуваат сигурносни клинови или друг вид опрема која би им помогнала во искачувањето, со цел да остават што помалку траги зад себе откако ќе ја искачат насоката.

***Алпинизам***
Приврзаниците на "алпинистичката игра" не само што треба да се соочат со проблемите кои доаѓаат со самото качување, но исто така и со реалните опасности кои демнеат во непријателски расположената природа во високите планини. Бидејќи опстанокот не зависи само од способноста за безбедно совладување на техничкиот проблем на насоката, туку и од брзината на групата, непишаните правила за алпинистичката игра дозолуваат користење на чокови и алпинистички клинови за напредување во искачувањето. Како и да е, започнувајќи во доцните шеесети, принципот на слободно качување сè повеќе и повеќе започна да се применува на високите планини. Додека на почетокот на новата ера, акцентот беше ставен на слободното искачување на насоките, со помош на специјално дизајнирана помошна опрема, не требаше да помине долг временски период за да се појават нови тешки насоки, поставени според построгите правила. Во нив спаѓаат и екстремните оклинчани авантуристички насоки, како и хедонистичките спортски искачувања.

Качувањето на мраз и снег претставува важен аспект на алпинизмот. Во нив спаѓаат качувањата на површински мраз, па дури и сериозно тешките футуристички потфати. Денеска сè повеќе и повеќе е популарно качувањето по замрзнати водопади, сталактити од мраз и замрзнато глазирани карпи. Современите насоки кои се комбинација на качување и по карпест предел и по мраз понекогаш бараат многу тешки движења со помош на крампони и опрема за мраз. За оваа игра важат правилата за слободно качување. Насоките од мраз и комбинираните насоки може да варираат од една должина, па дури до храбри потфати во високите планински венци кои можат да траат и неколку недели.

***Авантуристичко качување и спортско качување***

*Во терминологијата на современото качување се прави разлика помеѓу авантуристичко и спортско качување. За авантуристичкото качување, познато како "trad"-climbing важи следното:*

- *За изведбата се суди според дадениот отпор на стресот кој е неопходен за искачување на насоката.*
- *Качувачот е одговорен за осигурувањето што ќе го постави или кое воопшто нема да го користи.*
- *Грешките на водачот можат да имаат фатални последици.*

*За спортското качување важи следното:*

- *За изведбата се суди според оцената на насоката.*
- *Доминантен е кинестетичкиот елемент.*
- *Клиновите обезбедуваат совршена заштита.*
- *Ако се применат модерните техники на обезбедување одоздола, нема да дојде до тешко оптеретен пад доколку падне качувачот кој води.*

*Овие два стила, авантуристичкото и спортското качување, можат да се применат на природни карпи со насоки од по една до неколку должини, но и на алпинистички карпи. А помеѓу нивните чисти верзии постојат безброј хибридни форми.*

***Различните игри и "филозофии" за безбедност соодветствуваат на различните индивидуални потреби на качувачите. Богатството од различни форми на планинарските спортови им нуди на голем број луѓе задоволство и душевно исполнување – вистина која секогаш ни е добредојдена.***

***Пријателите на спортското качување како и приврзаниците на авантуристичката филозофија имаат право да качуваат според нивните желби и способности.***

***Наша цел е да ја зачуваме разноликоста на стилови во качувањето и да им допуштиме слободно да се развиваат.***

***Првокласен алпинизам***

Оваа планинарска дисциплина, која ги применува правилата за алпинистичко качување, е резервирана за традиционалните експедиции кога се освојуваат врвови високи од по шест, седум или осум илјади метри н.в. Во оваа дисциплина не се прифаќаат фиксираните јажиња, помошта од страна или поставувањето верига од кампови, и употребата на флаширан кислород.

***Експедиции***

Постојат два вида на експедиции. Првиот вид им овозможува на голем број луѓе да освојат престижни врвови на високи планински венци, следејќи вообичаени насоки. Можноста за успех ја оптимизираат со слободно користење на фиксирани јажиња, вештачки кислород и носачи (шерпази).

Екстремните експедии, напротив, тежнеат да ги доведат техничките тешкотии до крајни граници со помош на модерна опрема освен флаширан кислород: фиксирани јажиња, висечки кампови и складишта за опрема.

Берн, 5ти Март, 2003 година D:\Reglemnt\Resolutions\Tyrol_Declaration.2002.doc

Превела од англиски:
Бојана Божиновска